Врз основа на член 56 став 5 од Законот за заштита на растенијата („Службен весник на РМ" бр. 25/98), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува

# ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛЕГИТИМАЦИИТЕ НА ИНСПЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА И НА ИНСПЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА НА ГРАНИЧЕН ПРЕМИН

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат обрасците на легитимациите на инспектор за заштита на растенијата и инспектор за заштита на растенијата на граничен премин.
Обрасците од став 1 на овој член се составен дел на овој правилник.

Член 2

Големината на легитимацијата на инспектор за заштита на растенијата и на легитимацијата на инспекторот за заштита на растенијата на граничен премин е 10 Х 6,5 см, изработена е на хамер хартија со светлозелена боја и е заштитена со пластична фолија.
Легитимацијата има две страни со следната содржина:
а) За инспекторот за заштита на растенијата:
- предната страна содржи: грб на Република Македонија, назив на органот што ја издава легитимацијата, место за фотографија 3 х 3,5 см, текст: „Легитимација на инспектор за заштита на растенијата", име и презиме на инспекторот за заштита на растенијата и број и дата на решението со кое е назначен инспекторот;
- задната страна содржи: текст: „Имателот на оваа легитимација е овластен да ги врши сите дејствија предвидени за инспектор за заштита на растенијата со Законот за заштита на растенијата („Службен весник на РМ" бр. 25/98)", министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и место за печат.
б) За инспекторот за заштита на растенијата на граничен премин:
- предната страна содржи: грб на Република Македонија, назив на органот што ја издава легитимацијата, место за фотографија 3 х 3,5 см, текст: „Легитимација на инспектор за заштита на растенијата на граничен премин", име и презиме на инспекторот за заштита на растенијата на граничен премин и број и дата на решението со кое е назначен инспекторот;
- задната страна содржи: текст: „Имателот на оваа легитимација е овластен да ги врши сите дејствија предвидени за инспектор за заштита на растенијата на граничен премин со Законот за заштита на растенијата („Службен весник на РМ" бр. 25/98)", министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и место за печат.

Член 3

Легитимациите од член 2 на овој правилник ги издава министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Член 4

Легитимацијата има важност се додека лицето на кое му е издадена има службено својство на инспектор.
Инспекторот ја враќа легитимацијата по престанок на службеното својство на инспектор.

Член 5

Во случај на губење на легитимацијата инспекторот ја огласува за неважечка на сопствен трошок и за тоа го известува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство кој му издава нова легитимација.

Член 6

Легитимацијата се заменува со нова и во случај на:

- дотраеност или оштетување и

- промена на личните податоци на имателот.

Член 7

Легитимацијата што се одзема, враќа или се заменува се поништува.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 10-680/3
5 февруари 1999 година
Скопје

Министер
за земјоделство, шумарство и водостопанство,
Владимир Џабирски, с.р

ОБРАЗЕЦ
ЗА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ИНСПЕКТОР
ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

ЛЕГИТИМАЦИЈА
за инспектор за заштита
на растенијата

---------------------------
(име)

---------------------------
(број на решението)

---------------------------
(презиме)

задна страна

Имателот на оваа легитимација е овластен да ги врши сите дејствија предвидени за инспектор за заштита на растенијата ("Службен весник на РМ" бр. 25/98).

М.П.

---------------------------
(Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство)

ОБРАЗЕЦ
ЗА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ИНСПЕКТОР ЗА
ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА НА
ГРАНИЧЕН ПРЕМИН

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

ЛЕГИТИМАЦИЈА
за инспектор
за заштита на растенијата
на граничен премин

---------------------------
(име)

---------------------------
(број на решението)

---------------------------
(презиме)

задна страна

Имателот на оваа легитимација е овластен да ги врши сите дејствија предвидени за инспектор за заштита на растенијата на граничен премин ("Службен весник на РМ" бр. 25/98).

М.П.

---------------------------
(Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство)